Друштво за маркетинг
ЊУ МОМЕНТ ЊУ ИДЕАС КОМПАНИ ДОО
Бр. 307-300/22
11.11. 2022 год.
СКОПЈЕ

Република Северна Македонија
Министерство за финансии

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Financave

Архивски број: 03-11517/1
Датум: 08-11-2022

# АНЕКС НА ДОГОВОР

за јавна набавка на услуги од Агенција за организирање на настани бр.03-3159/1 од 21.03.2022 година и бр.307-082/22 од 21.03.2022 година

Склучен помеѓу:

1. МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ, со седиште на ул.„Даме Груев" бр. 12, 1000 Скопје, претставувано од Dr. Fatmir Besimi, министер за финансии, во понатамошниот текст: договорен орган и

2. Друштво за маркетинг ЊУ МОМЕНТ ЊУ ИДЕАС КОМПАНИ ДОО Скопје, со седиште на ул.„Костурски херои" бр.2Г, 1000 Скопје, застапувано од Сашо Пешев, управител, во понатамошниот текст: носител на набавка.

Член 1

Предмет на овој Анекс на Договор е дополнување на одредбите на Договорот за јавна набавка на услуги од Агенција за организирање на настани, со архивски број на договорниот орган 03-3159/1 од 21.03.2022 година и архивски број на носителот на набавката 307-082/22 од 21.03.2022 година (во понатамошниот текст: основен договор), согласно член 14 од основниот договор и член 119 став 1 точка 3 од Законот за јавните набавки.

Член 2

Во член 4 се додава нов став 1 и гласи:

„Договорниот орган плаќањето на услугите без ДДВ ќе го врши од сметката на Министерството за финансии 090010016763719, буџетска програма 21 и расходна ставка 426, со исклучок на износот од 10.000 евра во денарска противвредност на денот на исплатата со пресметан данок на додадена вредност, чија исплата ќе се врши од сметката на Буџет на донации (785).

Ставовите 1, 2, 3, 4 и 5 стануваат ставови 2, 3, 4, 5 и 6.


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 629
www.finance.gov.mk

Член 3

Сите останати одредби од основниот договор за јавна набавка на услуги од Агенција за организирање на настани остануваат во сила во целост како што се усогласени и прифатени од договорните страни.

Член 4

Овој Анекс на Договор влегува во сила со денот на потпишувањето од двете договорни страни.

Член 5

Овој Анекс на Договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои 2 (два) примероци за носителот на набавката и 2 (два) примероци за носителот на набавката.

| ДОГОВОРЕН ОРГАН: | НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА: |
|---|---|
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ СКОПЈЕ | ЊУ МОМЕНТ ЊУ ИДЕАС КОМПАНИ ДОО СКОПЈЕ |
| МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ | УПРАВИТЕЛ |
| Dr. Fatmir Besimi | Сашо Пешев |

Изработил: Ана Јаќиќ
Контролирал: Билент Мустафоски
Елизабета Калачоска
Одобрил: Татјана Васева
Проверил: Daut Hajrullahi
м-р Маја Стаменковска - Угриновска
Согласен: д-р Јелена Таст